Врз основа на член 35 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.254/24), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), член 79 став 2 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19, 27/20 и 56/21), член 14 од Законот за виното (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.74/24 и 208/24) и член 59 од Законот за зоотехника („Службен весник на Република Македонија" бр.87/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на _______________ 2025 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2025 ГОДИНА**
(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр.26/25, 88/25 и 133/25),

I

Средствата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година во вкупен износ од 5.914.240.000,00 денари, обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година (,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр.254/24) раздел 140.04, програма 2, потпрограма 20, ставка 464-разни трансфери ќе се користат според следните мерки:

| Број на мерка | Мерки за поддршка на доходот на земјоделските стопанства | Вкупен износ на мерката во денари |
|---|---|---|
| 1. | Директни плаќања за растително производство | 2.481.240.000,00 |
| 2. | Директни плаќања за сточарско производство | 1.000.000,00 |
| Мерки за дополнителна поддршка за развој на земјоделство (државна помош во земјоделството) | | |
| 3. | Помош во премии и осигурување | 1.000.000,00 |
| 4. | Помош за заштита на земјоделското земјиште | 1.000,00 |
| 5. | Помош за одделни категории носители на земјоделски стопанства | 1.000,00 |
| 6. | Помош во сточарскиот сектор | 20.000.000,00 |
| 7. | Финансиска поддршка за складирање на пченица и јачмен од род 2024 година и за складирање на пченица, јачмен и ориз од домашно производство од род 2025 година | 1.000.000,00 |
| 8. | Помош за поддршка на трошоци за набавка на горива за земјоделска механизација за земјоделски стопанства | 561.000.000,00 |
| 9. | Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за производство (ПОМ) | 1.000,00 |
| 10. | Материјални трошоци за спроведување на оваа програма | 20.000.000,00 |
| 11. | Заостанати обврски по мерки од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството од 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година | 2.828.997.000,00 |
| | Вкупно | 5.914.240.000,00 |

II

Средствата од дел I мерка 1 од оваа програма наменети за директни плаќања за растително производство во износ од 2.481.240.000,00 денари ќе се користат според следните подмерки:

| Бр. на подмерка | Име на подмерката |
|---|---|
| 1.1. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за сите поледелски култури, лековити, ароматични и зачински растенија и цвеќе |

| | |
|---|---|
| 1.2. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за остварено производство на пченица, јачмен, сончоглед, маслодајна репка и афионова чушка |
| 1.3. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за градинарско производство на отворено и во пластеници |
| 1.4. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.3. за производство под контролирани услови на домати, пиперки и краставица |
| 1.5. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.3. за градинарски култури предадени во преработувачки капацитети |
| 1.6. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за одржување на постоечки овошни насади |
| 1.7. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.6. за овошје предадено во преработувачки капацитети |
| 1.8. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за одржување на постоечки лозови насади |
| 1.9. | Директни плаќања за договорен и продаден ориентален ароматичен необработен тутун од реколта 2024 година |
| 1.10 | Директни плаќања за производство на домашен лозов и/или овошен саден материјал |
| 1.11. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за производство на предосновен, основен и прва генерација (Ц1) семенски материјал за пченица, јачмен, ориз, тритикале, добиточен грашок и тутун |
| 1.12. | Директни плаќања за производство на сертифициран посадочен материјал за градинарски култури од видовите пипер, домат и краставица |
| 1.13. | Директни плаќања за производство на цвеќе во ин витро услови |
| 1.14. | Директни плаќања за површини наменети за зелено ѓубрење или угар во плодоред |
| 1.15. | Директни плаќања за одржување на ливади |
| 1.16. | Директни плаќања за мали земјоделски стопанства |
| 1.17. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. по обработлива земјоделска површина за сите поледелски култури, лековити, ароматични, зачински растенија и цвеќе |
| 1.18. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.3. по обработлива земјоделска површина за градинарско производство на отворено и во пластеници |
| 1.19. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.6. по обработлива земјоделска површина за одржување на постоечки овошни насади |
| 1.20. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.8. по обработлива земјоделска површина за одржување на постоечки лозови насади |

III

Средствата од дел I мерка 2 од оваа програма наменети за директни плаќања за сточарско производство во износ од 1.000.000,00 денари ќе се користат според следните подмерки:

| Бр. на подмерка | Име на подмерката |
|---|---|
| 2.1. | Директни плаќања за обележани женски грла говеда постари од 18 месеци |
| 2.2. | Директни плаќања за обележани женски грла говеда на возраст од 6 до 18 месеци |
| 2.3. | Директни плаќања за произведено и предадено кравјо, овчо и козјо млеко |
| 2.4. | Директни плаќања за одгледани и продадени или заклани грла говеда во регистриран кланичен капацитет |
| 2.5. | Директни плаќања за добиено теле по пат на В/О |

| | |
|---|---|
| 2.6. | Директни плаќања за обележани грла овци постари од 12 месеци |
| 2.7. | Директни плаќања за обележани грла кози постари од 12 месеци |
| 2.8. | Дополнителни директни плаќања за зголемен пријавен број на грла во основно стадо (говеда, овци и кози) од бројот за кој е одобрена финансиска поддршка од претходната календарска година за подмерките 2.1., 2.8. и 2.10. од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година |
| 2.9. | Директни плаќања за женски приплодни грла-маторици |
| 2.10. | Директни плаќања за продадени или заклани гоеници во регистрирани кланични капацитети |
| 2.11. | Директни плаќања за одгледани и продадени или заклани бројлери во регистрирани кланични капацитети |
| 2.12. | Директни плаќања за амортизирани несилки заклани во регистрирани кланични капацитети |
| 2.13. | Директни плаќања за произведени и продадени еднодневни бројлерски пилиња и еднодневни женски пилиња од јајценосни хибриди |
| 2.14. | Директни плаќања за регистрирано презимено пчелно семејство |
| 2.15. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.14. за пчелни семејства вклучени во селекција за производство на пчелни матици |
| 2.16. | Директни плаќања за лабораториска анализа на физички и хемиски својства на мед |

IV

Средствата од дел I мерка 3 од оваа програма во износ од 1.000.000,00 денари за помош во премии и осигурување ќе се користат согласно член 98 од Законот за земјоделство и рурален развој со максимален износ на поддршка од 150.000,00 денари по земјоделско стопанство.

Помошта од ставот 1 на овој дел се доделува за премии и осигурување склучени од 1 август 2024 година до 31 јули 2025 година.

V

Средствата од дел I мерка 4 од оваа програма во износ од 1.000,00 денари ќе се користат за анализа на физичките и хемиските својства на почвата на земјоделски стопанства кои имаат извршени агрохемиски или педолошки анализи во 2024 година и тоа 80% од трошоците за анализа без данок на додадена вредност, но не повеќе од 12.000,00 денари по земјоделско стопанство.

VI

Средствата од дел I мерка 5 од оваа програма во износ од 1.000,00 денари за помош за одделни категории носители на земјоделско стопанство ќе се користат согласно член 102 од Законот за земјоделство и рурален развој како дополнителна помош која се доделува на земјоделски стопанства корисници на директните плаќања.

Дополнителната помош се доделува на следните категории носители на земјоделски стопанства:

- дополнителна помош од 5% на правно лице регистрирано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства како земјоделско стопанство кое е основано од носителот или членот на семејно-земјоделско стопанство со целокупниот земјоделски имот на семејно- земјоделско стопанство освен објекти за домување или престојување на земјоделски производители;

-дополнителна помош од 10% на млад земјоделец носител на семејно-земјоделско стопанство и

- дополнителна помош од 20% на носител на семејно-земјоделско стопанство кој е регистриран вршител на земјоделска дејност согласно со Законот за вршење земјоделска дејност или е регистриран како индивидуален земјоделец согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

VII

Дел од средствата од дел I мерка 6 од оваа програма во износ од 20.000.000,00 денари за помош во сточарскиот сектор се наменети за покривање на административни трошоци за воспоставување и одржување на матично книговодство и трошоци за испитувања извршени за утврдување на генетскиот квалитет или приносот во сточарството, согласно член 103 став (2) алинеи 1 и 2 од Законот за земјоделство и рурален развој.

Корисници на помошта за покривање на административни трошоци за воспоставување и одржување на матично книговодство согласно член 103 став (2) алинеја 1 од Законот за земјоделство и рурален развој се признати организации на одгледувачи и признати организации на одгледувачи на хибридни свињи впишани во регистарот на признати организации на одгледувачи и признати организации на одгледувачи на хибридни свињи кој го води Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, согласно Законот за зоотехника.

Висината на помошта од став 2 на овој дел изнесува 80,00 денари, без данок на додадена вредност за впишано грло животно во матична книга или впишано грло во Регистарот на хибридни свињи.

Минималниот износ на средства на помошта од став 2 на овој дел по призната организација на одгледувачи или призната организација на одгледувачи на хибридни свињи изнесува 200.000,00 денари, без данок на додадена вредност.

Корисници на помошта во сточарството наменети за испитувања извршени за утврдување на генетскиот квалитет или приносот во сточарството, согласно член 103 став (2) алинеја 2 од Законот за земјоделство и рурален развој се трети лица впишани во Регистарот на трети лица кој го води Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство согласно Законот за зоотехника и кои имаат склучено договор со призната организација на одгледувачи или призната организација на одгледувачи на хибридни свињи за спроведување на активности за испитувања на продуктивноста или на генетската вредност на животните или хибридните свињи предвидени во одобрените одгледувачки програми.

Висината на помошта од став 5 на овој дел изнесува: за грло животно од видот говеда впишани во матична книга 5.000,00 денари, без данок на додадена вредност, за грло животно од видовите овци и кози впишани во матична книга 1.400,00 денари, без данок на додадена вредност, за грло животно од видот свињи/хибридни свињи впишани во матична книга или Регистар за хибридни свињи 1.000,00 денари, без данок на додадена вредност.

За реализација на оваа мерка Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој објавува отворени јавни повици за поднесување на барања за исплата на финансиска поддршка до 30 септември 2025 година.

VIII

Средствата од дел I мерка 7 од оваа програма во износ од 1.000.000,00 денари се наменети за финансиска поддршка за складирање на пченица и јачмен од домашно производство од род 2024 година и за складирање на пченица, јачмен и ориз од домашно производство од род 2025 година.

Корисници на средствата од дел I мерка 7 од оваа програма се земјоделски стопанства евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства кои имаат пријавена површина со пченица и јачмен согласно подмерката 1.1. од оваа програма и согласно подмерката 1.1. од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година.

Корисници на средствата од дел I мерка 7 од оваа програма се  и земјоделски стопанства евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства кои имаат пријавена површина со ориз согласно подмерката 1.1. од оваа програма и го имаат предадено оризот во период од 15 септември до 25 декември 2025 година, со исклучок на земјоделските стопанства кои складираат за сопствени потреби.

За пченицата и јачменот од род 2024 година корисниците од ставот 2 од овој дел треба ја имаат предадено пченицата и јачменот на складиштење кај складиштарите во период од 15 јуни

до 15 септември 2024 година, а од род 2025 година треба да ја имаат предадено пченицата и јачменот на складиштење кај складиштарите во период од 15 јуни до 15 септември 2025 година, со исклучок на земјоделските стопанства кои складираат за сопствени потреби.

IX

Средствата од дел I мерка 8 од оваа програма во износ од 561.000.000,00 денари ќе се користат согласно член 98-в од Законот за земјоделство и рурален развој за помош за поддршка на трошоците за набавка на гориво за земјоделска механизација за земјоделски стопанства.

Помошта од ставот 1 на овој дел е во висина од 100% од трошоците на земјоделските стопанства за набавка на дизел гориво за земјоделска механизација, но не повеќе од 100.000,00 денари по земјоделско стопанство.

X

Средствата од дел I мерка 9 од оваа програма во износ од 1.000,00 денари ќе се користат согласно член 77 став (8) од Законот за земјоделство и рурален развој за помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за производство (ПОМ).

XI

Средствата од дел I мерка 10 од оваа програма во износ од 15.000.000,00 денари ќе се користат од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за покривање на материјални трошоци за спроведување на оваа програма и тоа за: услуги за печатење на обрасци и информативни материјали и огласи потребни за спроведување на оваа програма, услуги за печатење и достава на известувања до барателите, набавка и услуги за печатење на промотивен и репрезентативен материјал, услуги за ништење на документиран материјал, набавка на примарен и секундарен огнен ѕид (firewalls), за проверка на трансакциски сметки на корисниците на оваа програма, набавка на гориво и патни трошоци за вршење на контролите на терен, како и трошоци поврзани со одржување на возилата, услуги за изработка, прилагодување и одржување на софтверски решенија за спроведување на оваа програма, услуги од надворешни експерти вклучително и ревизија на оваа програма, услуги за обезбедување на сателитски снимки наменети за контролите на терен, набавка на информатичка и техничка опрема наменета за спроведување на оваа програма, вклучително и опрема потребна за спроведување на контролите на терен.

Средствата во износ од 5.000.000,00 денари ќе се користат за Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за набавка на информатичка и техничка опрема наменета за спроведување на оваа програма.

XII

Средствата од дел I мерка 11 од оваа програма во износ од 2.828.997.000,00 денари ќе се користат за исплата на финансиски средства за заостанати обврски по мерки од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството од 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година.

XIII

Корисници на директни плаќања од дел I мерки 1, 2, 3, 4 и 5 од оваа програма се земјоделски стопанства кои ги имаат намирено сите финансиски обврски согласно член 14-а од Законот за земјоделство и рурален развој.

XIV

Крајниот рок за поднесување на барања за директни плаќања за мерките 1 и 2 од оваа програма е утврден во член 4 од Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2025 година.

Крајниот рок за поднесување на барања за директни плаќања за мерката 3 од оваа програма е 31 август 2025 година.

Крајниот рок за поднесување на барања за директни плаќања за мерката 4 од оваа програма е 14 јули 2025 година.

Крајниот рок за поднесување на барања за директни плаќања за мерката 5 од оваа програма е 31 јуни 2025 година, освен кога барањето се понесува истовремено и за подмеките 1.2., 1.5., 1.7. и 2.13. од оваа програма, за кои рокот е утврден во член 4 точка 2 и 3 од Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2025 година.

Крајниот рок за поднесување на барања за мерката 6 од оваа програма е 31 октомври 2025 година.

Крајниот рок за поднесување на барања за мерката 7 од оваа програма е 30 септември 2025 година.

XV

Директните и дополнителните плаќања од оваа програма ќе се исплаќаат најдоцна до 30 јуни 2026 година.

XVI

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. ______________
_____________ 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р Христијан Мицковски с.р.